# ТВОЈ ТОЛАК

ПРЕВОД: ИСКРА БАДЕВА

Торе Ренберг

САКАМ КНИГИ

Крвта наеднаш ми потече во устата и во дланката исплукав заб. Цел ден врнеше силен и пороен дожд, но сега стана доцна вечер и облаците се имаа испразнето. Го чувствував вкусот на железо на јазикот, па подголтнав и го прочистив грлото и тогаш ја видов месечината низ прозорецот на собата, го имаше закачено својот срп над Вестмарка. Немаа останато уште многу недели од ноември. Отидов до ламбата за читање, онаа што Ингеборг секогаш ја вклучуваше откако ќе вечеравме, под чија светлина седеше, секој ден, и читаше – книги, весници, постојано читаше. Ја ставив раката под светлината. Ми паднал еден од катниците од горната вилица. Крв, црвена како вино и свежа, течеше во мали реки по емајлот. Отидов до бањата во ходникот, се наведнав над мијалникот и плукнав. Уште крв. Ја кренав главата и го проучував лицето, моето старо лице, брчките околу очите, широката горна усна, боцкавата брада; никогаш не сум сакал да се гледам. Поминав со јазикот по забите, сетив каде живеел забот откако првпат пуштил корен. Го отворив плакарчето со огледало и извадив памук од кесичка. На Ингеборг е, ништо нејзино немам допрено. Сакав да го напикам памукот во дупката, но уште течеше крв. Повторно плукнав, ја кренав главата, го стиснав забот меѓу показалецот и палецот. Потече уште крв, мислите ми беа збркани и полека, како да влечев скала зад себе, сфатив што се случуваше.

Ова беше минатата среда.

Јас сум Толак на Ингеборг.

Јас му припаѓам на минатото.

Не планирам да си го најдам местото некаде другаде.

КОЛКУ Е ЧАСОТ?

Четири и пол.

Денеска не видов ниту едно животно, се кријат од дождот.

Да. Значи нема враќање назад. Црните кучиња ме бркаат.

Гледам се стемнува. Дворот, плевната, пиланата. Вестмарка, Сорфјеле – моето опкружување за цел живот. Наскоро не се гледа ништо друго освен сенки. Снегот ќе му дадеше малку топлина на ова место на кое толку му недостасува сончева светлина, но уште нема паднато, рано е.

Ноември.

Како велеше Ингеборг?

*Ова е тенкото време во годината, Толак.*

Да.

*Есента одамна ги сотре цветовите, зимата мора да почека.*

Убаво зборуваше Ингеборг, научив многу зборови и фрази од таа жена.

*Го имаме само ова време заедно, Толак, мораш да бидеш добар со мене.*

Да.

Така беше.

Ја сакав толку колку што некој маж некогаш сакал жена и ги проколнувам силите на пеколот што ми ја зедоа.

Светлината надвор има боја на ʼрѓа.

Во куќата е студено. Ќе мора да фрлам неколку трупци во каминот. Дрвово гори само до половина, има мувла на него. Бев невнимателен со сушењето последниве неколку години. Никогаш порано не сум бил таков.

Ингеборг постојано беше премрзната. Секогаш го стискаше плетениот џемпер поцврсто околу градите. Го слушам нејзиниот глас:

*Ќе ставиш ли уште малку, Толак?*

Ставав.

Малку подоцна истата вечер:

*Да не стивнал огнот, Толак?*

И децата се смрзнуваа. Особено Хилеви, слабичкото девојче. Не слушаше ништо друго кога беше мала. Толку е студено во куќата. Облечи се, ѝ велев. Татко ми ја изградил вака, знаел дека куќата треба да има добра вентилација.

Ќе дојдат наскоро. Хилеви и Јан Видар. Им се јавив во четвртокот наутро. Еден ден откако го исплукав забот. Ги замолив да дојдат во долината. Дома.

Дојдено е времето. Сега кога не ми останува уште многу.

Доволно долго им криев.

Одо.

Мојата Ингеборг.

Можам да ѝ го видам лицето. Имаше убаво лице. Можам да ја видам како чекори низ собата, колковите ѝ се нишаат. Ѝ го гледам грбот, како ѝ се свива ’рбетот. Можам да го слушнам звукот на нејзиниот глас, лесен и певлив:

*Не зборуваш многу, Толак?*

Понекогаш тоа го кажуваше со љубов. Одвреме-навреме со очај. Некогаш и со тага. Често со иритација. Имаше право да го каже тоа. Не сум многу зборлест.

Додека стојам пред прозорецот си спомнувам на една вечер, пред многу години. Тоа беше во времето кога Хилеви и Јан Видар одеа во основно училиште. Децата имаа заспано, а ние лежевме во кревет, јас и Ингеборг, човечко тело до човечко тело. Бевме испотени и валкани откако бевме еден со друг. Такви бевме, јас и Ингеборг, се паревме како животни.

Непрестајно размислувам за тоа.

Сакаше да биде со мене и јас сакав да бидам со неа.

Јасно ја замислувам таа вечер. Јас јадев од неа, а таа пиеше од мене. Лежев на грб и се чувствував како заклано животно, но наеднаш почнав да брборам.

Ингеборг, реков и ја свртев главата. Таа лежеше со затворени очи, неколку прамни коса ѝ беа залепени на мургавата кожа, а јас си помислив колку е убава.

Отсекогаш го мислев тоа.

Најверојатно гледаат соседите во долината колку сум горд на мојата сопруга.

Хммм? рече мрзеливо.

Само затоа што, реков, не зборувам многу, не значи дека сум без зборови.

Таа ги отвори очите. Ја сврте главата и ме погледна.

Знам, рече таа.

Внатре во мене, продолжив, да, се чинеше дека таа вечер ќе зборувам, во мене има многу зборови.

Знам, рече Ингеборг и ме фати за рака, имам чувство дека можам да ги слушнам зборовите во тебе.

Не можеш, се сеќавам дека помислив, но не го кажав тоа.

Многу добро те познавам, рече Ингеборг, знаеш, Толак?

Кимнав, затоа што изгледаше многу убаво додека лежеше, но во себе помислив: Не, сега претера, мене никој не ме познава.

Мислам дека таа се насмеа.

Жена ми лесно се смееше. Смеата како да ѝ беше сместена во градите, секогаш подготвена да излезе, само чекаше шанса.

Јас не се смеам така лесно. Се прашував зошто. Едноставно не можам. Нешто ме спречува. Грчење во мускулите околу устата. Нешто ми кажува да се воздржувам и да не правам будала од себе. Тоа си е моја работа. Но кога станува збор за Ингеборг, ми е криво.

Можев почесто да се смеам со неа.

Не ми е многу грижа за другите.

Како и да е.

Каењето не го менува минатото.

Се доближувам до стаклото, гледам кон дворот. Има светлина во плевната. Одо. Седи таму горе. Денес го немам видено од рано наутро. Имаше тивко утро. Не знае дека ќе дојдат.

Како две змии лежевме испреплетени.

Недела по недела, година по година, така се сеќавам на нас, на мене и на Ингеборг.

Синоќа ги удрив зглобовите на прстите. Гледам дека убаво сум ги удрил. Не сум толку силен како порано. Кога одам низ дневната соба ми крцкаат колената, а не подот, времето си го направи своето. Удрив во вратата на вториот кат. Ја забив тупаницата во дрвото. Порано моите зглобови ќе издржеа. Веќе не.

Наскоро ќе дојдат. Хилеви и Јан Видар.

Мојата огнена ќерка, мојот тврдоглав син.

Најдобро ќе биде да им објаснам. Имаат право да знаат што се случи.

Моето шише е во шкафот и не би ми пречела некоја голтка, но денес нема да пијам.

Вестмарка се спојува со темнината. Црните кучиња ме бркаат, Ингеборг. Би сакал да те прегрнам, како порано.

Јас му припаѓам на минатото.

Времето во кое живееме, не е за мене. Не сум роден во местово. Не сум пораснат овде. Не ме научиле на ова.

Знаев уште во моментот кога видов како доаѓа. Знаев дека ќе ми донесе болка. И така беше. Новото време, како кокетна жена, нишаше со колковите, ме заведуваше, се преправаше дека е пијана и ми нудеше разни работи што воопшто не ме интересираа. Влета и се раскомоти, ми нудеше нешта што ги немав побарано, без да размисли дали ми требаат. Не ми требаа, воопшто. Имав сѐ што ми требаше. Земјата, рацете, работата, Ингеборг. Никогаш не се жалев. Но новото време не се откажуваше. Сакаше да смени сѐ, сѐ да тече со огромна брзина, немаше почит кон она што беше старо. Кон она што беше мое.

Новото време не побара дозвола. Само се наметна на начинот на живот што го имаме во долината. Се наметна во дневната соба, во спалната соба, низ грлото и во телото. И така течеше, ден по ден. Без никаков обѕир за мене и мојата работа. И не ми се допаѓа чекорот што го држи. Не ми се допаѓа како изгледа ниту како звучи или како мириса.

Не нѐ интересира другиот.

За мене таа е грда, за неа јас сум грд.

Одамна му свртев грб на новото време. Останав овде горе во долината, со Ингеборг, со пиланата, со земјата и планините, со моите раце, со секирата, а сега крајот се приближува. Ја немам веќе мојата Ингеборг, па онаа мала светлина што ја имав во животот е изгасната, но имам нешто друго: јас сум тој што сум.

Слушате ли?

Јас сум тој што сум.

Не. Не слушате.

Види. Надвор е речиси сосема темно.

Како велеше Ингеборг?

*Најмногу ми се допаѓаш во вечерните часови, Толак, тогаш не си толку тврдоглав, а во темнината си убав.*

Да, умееше со зборовите.

Не останува уште долго. Шишето е во шкафот, но ќе го оставам таму. За час-два, ќе ја видам светлината од автомобилот горе на свиокот. Потоа ќе дојдат. Хилеви и Јан Видар.

Го прашав Одо што планираше да прави денес. Кога појадувавме. Истото е секој ден. Вадам леб, путер, кашкавал и кафе, седнувам на мојот стол, тој на својот. Столот на Ингеборг е празен.

Тој погледна кон поројниот дожд. Имаше смирен поглед.

Ќе одам во плевната, рече тој.

Дали спиеше, го прашав.

Тој кимна.

Тоа е добро. Дали работиш на мрежата?

Да, рече Одо.

Ја поправа. На свој начин. Толку долго ја поправа што не се ни сеќавам кога почна.

Добро, сè додека има со што да се занимава.

Зборовите ми беа на врвот на јазикот, но не можев да му кажам дека доаѓаат.

Дваесет и една година се плашев од ова, Ингеборг.

Тој живееше покрај водопадот со својот татко.

Како се викаше? Алф Ивар? Сите знаеја дека од него нема да стане ништо посебно. Го гледам одвреме-навреме, сè уште живее таму долу. Очите како да му пропаднале во главата, шета џвакајќи си ги непцата.

Се случи пред многу години.

Го здогледав додека возев кон продавницата. Беше на почетокот на летото, се сеќавам, можеби на крајот на мај. Силна светлина и диви ветрови ги нишаа врвовите на смреките покрај патот. Продавницата е на седум километри од долината, отсекогаш одев еднаш неделно да земам што ми треба. Така беше кога живееше Ингеборг, така е и сега, иако мене и на Одо ни треба многу малку. Кафе, јаболка, некои замрзнати производи, ситници.

Синот на типот покрај водопадот и двајца негови другари вртеа кругови на своите мотоцикли пред продавницата. Навиваа и вревеа. Во средината стоеше Ото и во малата рака држеше сладолед. Му капеше и му се слеваше по раката.

*Одо будалата!* викаа тие.

Одо, рече Одо.

*Одо будалата!* викаа, мавтајќи со по една тупаница.

Одо, рече Одо.

Се паркирав и излегов од пикапот. Застанаа, замолчија штом ме видоа. Ги погледнав, а тие избегаа.

Одо, рече Одо и ме погледна. Преплашено.

Направив неколку чекори кон него. Реков:

Не смееш да дозволуваш да ти го прават тоа.

По неколку недели видов дека пишува *Одо будалата* на автобуската постојка до општинската сала. Некој го

напишал со маркер. Не долго потоа го видов повторно. Некој го имаше напишано со спреј на ѕидот на средното училиште. *Одо будалата.*

Никогаш не ми се допаѓаа тие момчиња. Особено оној што живееше покрај водопадот, Алф Ивар. Никогаш не ми се допаѓаше ни татко му, тој доаѓаше кај пиланата, повремено ќе нарачаше нешто, но претпочиташе да оди со рацете преплетени зад грб и да разгледува што имам на залиха. Се жалеше за моите цени, се жалеше за она што го немам. Почина лани, не беше некој маж, имаше голема уста, само дрдореше, а ништо не правеше. Знам дека жена му го оставила.

Една летна вечер истата година излегов да го шетам Били, се врткавме кај старите урнатини што ги имаме овде горе. Тогаш го видов, синот на типот покрај водопадот. Доаѓаше по патот и се сеќавам дека си помислив *баш сега најде да налеташ на мене.*

Не траеше долго. Кога дојде до мене, направив мал чекор надесно. Потоа ја стиснав тупаницата и го соборив на земја.

Нешто не беше во ред со устата на Одо.

*Одо*, рече тој.

Не можеше да го каже своето име така како што го изговараа другите, само како што самиот го слушаше.

Треба да се обидеш да кажеш Т, реков.

Д, рече тој.

Уште еднаш, реков. Т. Тогаш никој нема да те задева.

Да ме задева? праша Одо.

Да, реков, мора да научиш да се чуваш, а ако сакаш да го научиш тоа, мора да го знаеш своето име.

Ото не можеше да го изговори своето име, но тоа не го спречуваше постојано да го кажува. Стоеше во продавницата и велеше *Одо е во продавницата*. Одеше по долината, покрај патот и велеше *Одо оди по патот*. Ловеше риба кај водопадот и кога ќе ја видеше пастрмката како го голта мамецот, велеше *Одо фрла*.

Времето поминуваше, тој порасна, на негов чуден начин, а јас престанав да му досадувам. Го оставив да биде Одо.

Тој е бледо момче, има нежни раце и плашливи очи, а она што го има во себе не е како кај другите луѓе. Седи во плевната. Со мрежата. Го гледам секој ден, се грижам за него, не знам кој е, но го сакам.

Работатасоменеештопонекогашморамдапијам.

Се крева, ме напаѓа и ме обзема, а *што* е, не знам. Погледот ми се стеснува, иако не по моја волја. Чкртам со вилиците, иако не сакам. Погледнувам во рацете, стиснати во тупаници, иако не сум посакал да ги стегнам.

Подобро да се држиш подалеку, Ингеборг, велев кога тоа со завивање ќе ме нападнеше.

И таа се држеше подалеку, а јас се качував на планината во малата викендичка што татко ми ја изгради по војната. Ја изгради токму на западната падина на Стуре-скаре затоа што мислеше дека повторно ќе бидеме нападнати. Ја кренал со свои раце. Не прифатил никаква помош. Првпат ми ја покажа куќичката кога бев мало момче. Ене ја, рече татко ми, покажувајќи. Кога ќе чукне часот, таму да одиш. Оттаму имаш добар поглед на долината. Можеш да седиш и да ги пукаш, да ги кутнуваш еден по еден.

Стој подалеку, Ингеборг, реков, затоа што сега ќе пијам.

Не можеш ли да се откажеш, рече таа, заради мене.

Не можев.

Во првите години со мојата Ингеборг, кревав голема врева. На повеќе начини. Од оваа перспектива, уште се навикнував. Не бев подготвен за жена. Се бунтував. Правев глупости. Пиев дома.

Не беше добра идеја да се продолжи така. На малечките не им се допаѓаше, на Ингеборг не ѝ се допаѓаше. Затоа почнав да одам горе во викендичката. Ги земав алкохолот и Били со мене и седнував да пијам. Два, три, можеби четири дена. Фрлав камења. Пукав на слепо со пушката. Кршев. Потоа ми поминуваше и се враќав дома кај Ингеборг.

Шишето е во шкафот. Неколкупати поминав покрај него. Застанав и подадов рака, но нема да го допрам вечерва.

Имам бес во себе.

Треба да побараш помош, Толак.

Тоа го рече брат ми.

Стоевме во снегот пред пиланата. Тоа беше кога работата сè уште добро ми одеше и многумина купуваа од мене, поминаа неколку децении оттогаш. Купував директно од сопствениците на шумите, големи високи купови и ги сечев и делкав, пилата работеше, недела по недела, никогаш не ми недостасуваше работа.

Толак, рече Ларс Оге приближувајќи ми се.

Ние не ги гледаме работите на ист начин, рече тој.

Не, реков, не ги гледаме.

Но ова ти го кажувам како твој брат, рече тој.

Како некој кој, и покрај сè, се грижи за тебе.

Така ли, реков.

Мораш да побараш помош, рече тој.

Го шутнав снегот, го тргнав погледот. Но тој не замолчи, продолжуваше.

Мораш да разговараш со некого, повтори тој.

Побарај помош.

Стави го под контрола, рече тој.

Повторно го шутнав снегот. Но тој никако да ја затвори муцката.

И тато беше таков, рече тој.

И дедо.

Време е да го извадиме од семејството.

Има помош, рече тој и направи уште еден чекор кон мене.

Ги фрлив линијарот на расклопување и моливот што ги држев, ги соблеков ракавиците, го зграпчив за вилицата и го прашав кој по ѓаволите си мисли дека е.

Неверојатен си, рече и се ослободи.

Набрзо потоа го видов Ларс Оге како се упатува удолу по ридот, кон нашата куќа. По неколку мига, излезе низ вратата, со сопругата по него. Влегоа во автомобилот и си заминаа. Ги зедов линијарот и моливот од снегот, ги облеков ракавиците и влегов во пиланата; го вдишав мирисот на свежо исечени штици, струготини.

Поминаа осум години пред повторно да ги видиме брат ми и неговата сопруга, а Ингеборг, мојата сакана Ингеборг, рече:

*Горчлива е т̄аа т̄воја крв, Толак.*

Имаше право.

Огорченост. Има многу горчина во моето семејство. Луѓето се расправаат. Се разидуваат.

Во семејството на Ингеборг нема многу такви нешта. Тие се различна сорта.

Но со мене раскрстија. Не сакаат да имаат ништо со мене.

Ова се случи пред неколку недели.

Имав испржено неколку пастрмки кои ги уловивме есента со Одо. Ја тргнав тавата на страна и излегов во дворот. Го повикав, како што обично правам, да дојде на вечера, но тој не дојде, не се јави. Обично доаѓаше. Кусо ќе ми вратеше: *да, доаѓам*, а потоа по минута-две ќе излезеше од плевната или од местото каде што беше. Одо не носи часовник. Се обидовме да го научиме да гледа на саат, и дома и на училиште, но не му одеше. Неколкупати како повозрасен се обиде да научи, но бадијала. Го оставив. Одо може да си биде таков каков што си е.

Повторно го викнав, без одговор. Погледнав во неговата стара соба, онаа што не сака да ја користи, но не беше таму. Погледнав во подрумот, слегов меѓу купиштата стари работи, не му се допаѓа таму, но којзнае што можело да му текне. Не беше ни таму. Ги обув чизмите, го поминав дворот, влегов во плевната, таму најчесто престојува, таму спие, со мрежата и сите наши работи што се натрупаа низ годините. Не беше ниту таму. Тргнав по патот и гледав наоколу; го немаше Одо. На крајот, го најдов како седи на падината каде што завршува планината Сорфјеле, каде што го фрлив стариот, 'рѓосан трактор.

Одо, реков, овде си бил. Зошто седиш овде? Зарем не ти е студено?

Не, рече без да ме погледне.

Прамни коса му се нишаа.

Што правиш тогаш? прашав, бидејќи по него можев да видам дека има нешто. Тој не седеше овде за џабе.

Сликам, рече тој.

Сликаш?

Да.

Клекнав, се обидов да му го фатам погледот, но не погледнуваше кон мене.

Одо, реков, ти не сликаш.

Сликам, рече тој.

Не, Одо. Не сликаш. Слушни ме. Седиш покрај тракторот. Не сликаш.

Сликам.

Станав, оставив погледот да ми прошета по сјајните гребени на Сорфјеле.

Добро, реков по некое време. Значи сликаш. А што сликаш тогаш?

Сликам слики.

Но Одо...

Наеднаш ме погледна и ме прекина:

Каде е Ингеборг?

Ги кренав рамената.

Знаеш каде е, реков.

Дали наскоро ќе дојде?

Знаеш дека нема. Ајде, готово е јадењето. Пастрмките што ги уловивме ова лето. Престани со тоа што го правиш.

Не сакаше да се помести. Не беше лут, не беше тажен, едноставно не сакаше да се мрдне.

Сликам, повторно рече.

Ајде, доста со тоа, реков и го фатив за рака. Тој се повлече.

Немаш четка, реков. Немаш платно. Нема ништо. Значи не сликаш, Одо. Погледни ме.

Океј, рече тој, но не се помрдна и воопшто не ме погледна.

Одо, реков, не биди таков. Погледни ме.

Океј, рече тој повторно, но не погледна кон мене.

Во ред, реков. Ќе ми кажеш ли што сликаш, Одо?

Тој го крена погледот. Го протегна вратот, како што секогаш прави кога го истегнува лицето, па веѓите му се поткренаа, вратот му стана тенок, устата мала. Секогаш ме стега нешто во стомакот кога го гледам таков. Изразот му е форма на ентузијазам. Ентузијазмот на Одо.

Слики, рече тој. Сликам слики од она што го гледам.

Па добро, реков, можеби воздивнувајќи малку.

Да, рече и остана така да седи, со издолжен врат, кренати веѓи, во очекување на нешто.

И што гледаш, а, Одо?

Нема да знам додека не е готова сликата.